Qazime Sherifi, PhD[1]

UDC:
341.218.4:341.382(497.7)"1991"

# KONFERENCA E PAQES PËR JUGOSLLAVINË DHE SHPËRBËRJA E RSFJ-së

# МИРОВНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЈУГОСЛАВИЈА И РАСПАДОТ НА СФРЈ

# THE PEACE CONFERENCE ON YUGOSLAVIA AND THE DISSOLUTION OF SFRY

**Abstract**

After the proclamation of independence of Slovenia and Croatia in June 1991, the dissolution of SFRY no longer posed a legal issue, but rather required finding a solution for its peaceful implementation. After the leaders of the republics failed to solve the Yugoslav crisis in a peaceful way, despite the numerous meetings and support from the international community, the European Community got involved in resolving the Yugoslav crisis. On August 27, 1991, the EC with the consent of all parties in Yugoslavia decided to convene a peace conference on Yugoslavia (August 1992 - International Conference on Former Yugoslavia (ICFY) under the chairmanship of Lord Carrington. The formation of the Peace Conference caused an international institutionalization of the Yugoslav crisis. It became a diplomatic stage set by the European Community on which the actors of the six republics were to present their political visions that will in turn be translated into a comprehensive and joint political decision.

**Key words:** SFRY, European Community Peace Conference on Yugoslavia.

[1] PhD Qazime Sherifi, FON University, e-mail:qazime.sherifi@fon.edu.mk

## 1. Мировната конференција во Хаг

Со оглед на тоа дека просторот на Југославија во текот на 1990-1991 година, сè повеќе заличуваше на буре барут, Европската заедница, која потоа ќе прерасне во Европска унија не можеше да седи со скрстени раце. На 27 август 1991 година, ЕЗ, со согласност на сите страни во Југославија, одлучи да свика Мировна конференција за Југославија (од август 1992 година - Меѓународна конференција за поранешна Југославија (МКПЈ). Конференцијата беше еден вид одговор на неуспешниот обид на водачите на републиките, да ја редефинираат Федерацијата по пат на натамошна децентрализација на моќта.

За претседател на Конференцијата беше именуван лордот Карингтон, поранешен министер за надворешни работи на Велика Британија. Југославија ја застапуваа Сојузното претседателство и Сојузната влада, републиките и нивните претседатели и министри за надворешни работи, додека Европската заедница ја застапуваше претседателот на Европскиот совет на министри, како и претставници на земјите-членки и Европската комисија.

Првата сесија на Конференцијата за мир во Југославија се одржа во Палатата на мирот во Хаг на 7 септември 1991 година. Ја отвори Руд Луборс, премиер на Холандија, а по него збор зеде Ханс ван ден Брук, министер за надворешни работи на Холандија и истовремено претседавач со ЕЗ. На овој собир им беше дадена можност на сите актуелни политички фигури од Југославија да дадат свое гледиште и мислење во однос на проблемите и излезот од југословенската криза. Сите учесници на Конференцијата се согласија дека мора да се најде трајно и праведно решение што ќе ги задоволи сите легитимни интереси и аспирации, но под услов да не се дозволи промена на границите по насилен пат. Свечено објавија дека ќе направат сè што е во нивна моќ Конференцијата да се одвива во услови на мир, заради што беше неопходно почитување на прекинот на огнот.[2] Но, веќе на почетокот, во првите јавни обраќања на југословенските страни се открија непомирливи разлики околу начелата и толкувањата за тоа што е легитимно и

[2] Snežana Trifunovska, Yugoslavia Through Documents: From Its Creation to Its Dissolution, (Declaration on the Occasion of the Ceremonial Opening of the Conference on Yugoslavia, Peace Palace, The Hague, 7. September 1991; documents., No. 115.,)., Martinus Nijhoff Publishers, The Netherlands., 1994, p., 347

праведно. Со самото тоа, можностите Конференцијата да се одвива со мирен тек паднаа во вода уште на самиот нејзин почеток.

Во своите обраќања, претседателите на Словенија и на Хрватска, Милан Кучан и Фрањо Туѓман, не ја пропуштија можноста да потенцираат дека референдумот за независност спроведен во нивните републики е неоспорен факт кој Конференцијата не може да го промени, и ја повикаа Европската заедница да ги признае. Наспроти нив, Анте Марковиќ зборуваше за нова Југославија како сојуз на рамноправни републики, како единствен економски и правен простор со една валута и заеднички функции во надворешните работи и одбраната. Тримесечното одложување на независноста на Хрватска и Словенија, за Анте Марковиќ беше идеална можност за воспоставување минимум функции на државата и продолжување на запрениот процес на реформирање, демократизација и трансформирање на општеството што веќе го започна неговата влада.[3]

И претседателот на БиХ, Алија Изетбеговиќ, во однос на опстанокот на Југославија имаше позитивен став, но истата ја замислуваше како сојуз на суверени држави. Таква држава би дејствувала врз принципот на пренос на надлежностите на државите-членки во четири области: човекови права, економски односи, одбрана и надворешни работи, а притоа да се направи и дислокација на заедничките институции надвор од тогашната метропола. Од ова може да се види дека Изебеговиќ го бранеше ставот за опстанок на Југославија, иако трансформирана, и ниту еднаш не се послужи со југословенската криза како изговор за независност на БиХ.

Слободан Милошевиќ на присутните учесници на Конференцијата јасно им укажа дека на состанокот во Белград, одржан во август истата година, на кој присуствуваа српски, црногорски и босанско-херцеговски претставници, покрената е иницијатива за мирно и демократско решавање на југословенската криза и носење нов устав за Југославија, како заедничка држава на рамноправни републики, народи и граѓани. Белградската иницијатива беше отворена и за другите републики.[4]

---

[3] Snežana Trifunovska, Yugoslavia Through Documents: From Its Creation to Its Dissolution, (Declaration on the Occasion of the Ceremonial Opening of the Conference on Yugoslavia, Peace Palace, The Hague, 7. September 1991; documents., No. 115.,)., Martinus Nijhoff Publishers, The Netherlands., 1994, p., 349

[4] Ibid., p., 350

Македонската политика имаше своја автентична меѓународна политика диктирана од нејзината специфична геополитика. Претседателот Киро Глигоров, во однос на иднината на југословенската интеграција истакна дека ја гледа како сојуз на суверени држави. Тоа претставува постоење на силни конфедерални елементи кои би дозволиле непречен нерамномерен развој, односно оние народи кои можат да се развиваат побргу - тоа и да го направат. Таквата заедница на држави мора да гарантира еднаква стартна позиција за секоја од државите-членки. Договорот требаше да санкционира нешто што можеше да се нарече еквидистанца од центарот, т.е од конфедералните институции. Подоцна во процесот на развојот на демократијата, државите можат да градат повисоки форми на интеграција, на начин и со оние со кои тие имаат интерес и желба да го сторат тоа. Натаму, во однос на референдумот што требаше да се спроведе наредниот ден, (на 8 септември 1991 година), исто така, тој посочи дека референдумот „треба да биде верификација на македонската политика за идното изградување на Република Македонија, која како суверена држава ќе биде оспособена да разговара и, ако постојат услови за тоа, да стапи во идниот сојуз на суверени држави како една нова модерна демократска заедница“.[5]

Иако какафонијата на различни интереси, надежи и желби упатуваше на проблеми кои ќе бидат тема на Конференцијата, претседавачот на Конференцијата лордот Питер Карингтон гарантираше дека во рок од два месеци ќе најде решение за југословенската криза.

## 2. Карингтоновиот план за решавање на југословенската криза

По свеченото отворање на Конференцијата, Карингтон ги започна разговорите со сите претставници одделно, а неговата прва посредничка задача беше да ги убеди завојуваните страни да потпишат договор за прекин на огнот, со оглед на фактот дека воените операции во Хрватска и понатаму продолжуваа. Прекинот на огнот беше од суштинско значење за Заедницата, бидејќи тоа беше услов за одржување на Конференцијата. Но, на склучените мировните договори првично им недостасуваше прецизност,

[5] Денко Малески, Бебето од катран – Македонија во меѓународните односи (1991-1993), Култура, Скопје, 2012, стр., 96

односно казнувањето за оние што ги прекршуваа правилата беше бавно (ембарго за увоз на оружје). Во меѓувреме, Советот за безбедност на ОН реагираше со Резолуцијата 713, со која се наметна општо и целосно ембарго на сите доставувања на оружје и воена опрема кон Југославија. Исти такви санкции воведе и ЕЗ во јули 1991 година, така што сега светот се обедини околу идејата за нелегитимноста на употребата на сила во разрешувањето на домашните политички несогласувања.[6]

По усвоената Резолуција, прв напредок во мировните преговори во Хаг следеше на 4 октомври 1991 година, кога лордот Карингтон успеа да ги спои Туѓман, Милошевиќ и сојузниот министер за одбрана Вељко Кадиевиќ. Тројката постигна согласност за генералната рамка за решавање на кризата, заснована врз следниве три принципи:

А. Лабава асоцијација или сојуз на суверени републики.

Б. Посебна спогодба за заштита на правата на етничките заедници со посебен статус за одделни подрачја.

В. Неможност за унилатерална промена на границите.[7]

Исто така, на средбата е договорено Конференцијата да продолжи да работи во две работни групи. Првата работна група да се занимава со уставната иднина на Југославија, а втората да се занимава со воспоставувањето на мирот во Хрватска. Од друга страна и Хрватска се согласи да престане со блокадата на касарните на нејзината територија и во преговорите да вклучи и претставници од побунетото српско малцинство.

По постигнатата согласност за генералната рамка за решавање на кризата, почнаа да работат и договорените две работни групи. Работната група за уставни прашања требаше да ги утврди областите од заеднички интерес каде можат да се основаат заеднички институции. Меѓутоа, уште на самиот почеток на расправата почнаа препукувања помеѓу претставниците на југословенските републики. Словенскиот министер за надворешни работи - Рупел се залагаше за суверенитет на републиките, и беше подготвена да прифати само минимални заеднички институционални ангажмани, додека хрватскиот министер Шепаровиќ беше подготвен на соработка во многу области, но само на меѓувладино ниво т.е. на начин

[6] Ibid., стр., 118

[7] Mirjana Cupek Hamill, Konferencija o miru u Jugoslaviji i raspad jugoslavenske federacije, Leykam international, Zagreb, 2008, str., 83

на кој нема да биде компромитирана нејзината независност. Според македонскиот министер за надворешни работи - Малески, решението за кризата требаше да се засновува врз идејата за создавање на шест суверени држави, кои во мир и со примена на начелото на консензус ги препознаваат заедничките економски и политички интереси за соработка, овозможувајќи го на тој начин процесот на изградба на демократско отворено општество, во кое неизбежните политички конфликти се разрешуваат преку демократски институции.[8] Додека пак, српскиот министер за надворешни работи - Јовановиќ не го прифаќаше овој систем на работа на работните групи и стоеше на ставот дека Конференцијата треба да ги идентификува вистинските заеднички интереси кои можат да се бранат во заедничката држава. Всушност, интересот на Србите беше да живеат во една држава, а не во повеќе независни републики. Со други зборови, Србија не само што сакаше да ги присвои оние делови на Хрватска (индиректно и Босна и Херцеговина) каде што Србите беа мнозинско население туку сакаше да биде и единствената легитимна држава наследничка на поранешната југословенска Федерација.

Имајќи ги предвид различните желби и аспирации на југословенските страни, како и степенот на дезинтеграција во која беше државата, Карингтон на републичките лидери, на 18 октомври, им го понуди неговиот прв предлог-план или т.н. „Карингтонов план" за решавање на југословенската криза, под наслов: „Аранжман за генерално решение на југословенската криза". Според Карингтон, Аранжманот се однесуваше на легитимните интереси и стремежи на сите во Југославија и ги помируваше во една балансирана и сеопфатна рамка. Генералното решение, како прв дел од целиот документ, се темелеше врз следните принципи:

- суверени и независни републики со меѓународен идентитет за оние кои тоа го сакаат;
- слободна асоцијација на републиките со меѓународен идентитет, така како што е предвидено во Договорот ;
- сеопфатни аранжмани, вклучувајќи и механизми за заштита на човековите права и специјален статус за определени групи и определени области;

[8] Денко Малески, Бебето од катран – Македонија во меѓународните односи (1991-1993), Култура, Скопје, 2012, стр., 136

- европско ангажирање онаму каде што е соодветно;
- во рамките на генералното решение, признавање на независноста во постојните граници на републиките кои го сакаат тоа (доколку не се постигне поинаков договор) ;[9]

Со оглед на развојот на состојбата, тенденцијата на Конференцијата во оваа фаза беше насочена кон мирно раздружување на републиките, од причина што веќе не постоеја неопходни претпоставки за зачувување на југословенската заедница. На 18 октомври 1991 година, претседателите на републиките во придружба на министрите за надворешни работи повторно се сретнаа во Хаг. Конференцијата ја отвори претседавачот со ЕЗ Ханс ван ден Брук. Тој прво ги извести присутните дека Претседателството на СФРЈ, заедно со Милошевиќ и Туѓман, се согласија:

- Веднаш и безусловно да се оствари прекин на огнот;
- Да се изврши деблокада на сите касарни и воени објекти на ЈНА во Хрватска; [10]

По ова збор зеде лордот Карингтон, потсетувајќи ги присутните на значењето на хашкиот документ, посебно на првото поглавје, потенцирајќи дека од прифаќањето на тој дел зависи понатамошната работа на Конференцијата. Но, претседателите на југословенските републики имаа спротивставени ставови за предложениот план. За планот, кој беше ставен на конференциската маса требаше да се произнесат претседателите на шесте републики.

Прв збор зеде Слободан Милошевиќ, кој експлицитно изјави дека е против тој предлог. Имено, според него, Арбитражната комисија најпрво требаше да донесе мислење за спорните прашања поврзани со правото на самоопределување, законитоста на сецесијата во меѓународното право и условите под кои тоа може да се оствари, статусот на надворешните и административните граници од аспект на меѓународното право и мериторните документи. Потоа, врз основа на тоа треба да се изготви нацрт-план врз база на кој ќе се решаваат отворените прашања и проблеми, и тоа не посебно туку во рамките на глобален договор. Што се однесува до

[9] Snežana Trifunovska, Yugoslavia Through Documents: From Its Creation to Its Dissolution, (Peace Conference on Yugoslavia: Arrangements for General Settlement - the So Called Carrington Draft Convention, the Hague, 18 October 1991, documents., No. 124.,)., Martinus Nijhoff Publishers, The Netherlands., 1994, p., 357

[10] *Branko Kostić, 1991*: *Da se ne zaboravi,* Obodsko slovo, Beograd, 1996, str.,41

правото на самоопределување односно кому му припаѓа тоа право – на републиките или на народите, за Милошевиќ правото на самоопределување мора да важи подеднакво исто за сите шест југословенски народи, со тоа што „правото на еден народ да ја напушти Југославија не може да биде посилно од правото на другите народи да останат во Југославија“, која сè уште е негова сегашна држава. Затоа, Конференцијата треба да ги утврди начините според кои секој југословенски народ може подеднакво да го користи правото да не биде против своја волја избркан од Југославија или, пак, против своја волја да биде задржан во неа. Таквото решение би ја отстранило и потребата за војна.

И претседателот на Црна Гора, Момир Булатовиќ, исто така, истакна дека правото на самоопределување не им припаѓа на републиките туку на народите, бидејќи Југославија не настанала врз основа на слободна волја на нејзините републики туку врз основа на слободна волја на нејзините народи.

Стипе Месиќ, како претседател на Претседателството истакна дека правото на самоопределување се однесува и на народите и на републиките, а Словенија и Хрватска веќе практично го искористија со прогласувањето на независноста. И Македонија беше на ставот дека правото на самоопределување им припаѓа на републиките во постојните републички граници.

Во контекст на ова, Изетбеговиќ истакна дека тоа право на самоопределување не е спорно, но спорен е изразот „народ“, кој ако се толкува во „етничка“ смисла а не во „европска“, предизвикува непремостливи потешкотии во мешаните средини каква што е, на пример БиХ. Поради тоа, во БиХ постои идеја за широка политичка и културна автономија на народите во републиките. Ако националните проблеми се решаваат со остварување на човековите и граѓанските права, тогаш квалитетот на границите е помалку важен.“ [11]

Во врска со законитоста на сецесијата во меѓународното право и условите под кои тоа може да се оствари, ставот на Србија и Црна Гора беше дека Југославија продолжува да постои и дека нејзиниот меѓународен правен субјективитет го наследуваат оние републики кои остануваат во југословенската држава. Словенија и Хрватска тоа не го прифаќаа и сметаа дека Југославија е во процес

[11] Mirjana Cupek Hamill, Konferencija o miru u Jugoslaviji i raspad jugoslavenske federacije, Leykam international, Zagreb, 2008, str., 86

на распаѓање и дека сите други републики имаат право на сукцесија односно дека правни наследници на СФРЈ се сите оние субјекти кои ќе настанат во овој процес.

Принципот на непроменливоста на внатрешните и надворешните граници беше едно од најспорните прашања. Имено, Србија инсистираше дека внатрешните граници на Југославија се административни а не државни (бидејќи републиките не се држави), ниту етнички. Со замена на тезата за неповредливост на внатрешните границите се прикрива нелегалниот обид за промена на надворешните граници на Југославија. Имено, ако некоја република се прогласи за суверена, таа со тоа не само што ги менува внатрешните туку и надворешните граници на Југославија, што всушност значи прекршување на начелото на неповредливост на границите.

Во документите содржани во нацрт-договорот, особено внимание им се посветува на човековите права на етничките и националните групи (на Конференцијата не учествуваа ни Албанците од Косово ни претставници на другите малцинства, ниту Србите од отцепените региони на Република Хрватска). За овој дел од нацрт-договорот, сите учесници се согласија дека малцинствата треба да се третираат според највисоките европски стандарди. Имено, националните малцинства, односно лицата кои припаѓаат на националните или етничките групи а кои не го сочинуваат мнозинството на подрачјето каде што живеат, да го уживаат правото да не бидат дискриминирани во однос на правото на културен идентитет, правото на религија, правото на употреба на сопствениот јазик и писмо, правото на образование. Да го уживаат правото на подеднакво учество и застапеност во јавниот сектор, правото на политичка и економска слобода, социјални права, правото на слободен пристап до медиумите и сите овие права да бидат предмет на посебна државна заштита. Припадниците на малцинствата да имаат слободно право да одлучат на која национална или етничка група припаѓаат.

Нацрт-договорот предвидуваше и основање на Суд за човекови права со јурисдикција на целиот простор на поранешната држава, во чијашто работа да учествуваат и стручњаци од Европскиот суд за заштита на човековите права. Планот предвидуваше специјален статус (автономија) за подрачјата во кои националните малцинства го сочинуваат мнозинството во тие подрачја. Таквиот

статус предвидуваше: право на национален амблем, право на двојна националност (second nationality), одделно легислативно тело, административна структура вклучувајќи ја и полицијата, и судство коешто ја рефлектира популацијата на таа област. При реализацијата на овие права треба да се почитува и правото на припадниците на мнозинството и на другите групи во таа република.[12]

Во врска со овој дел од хашкиот документ, републиките имаа свои забелешки. Хрватска инсистираше делот насловен како „специјален статус" да се однесува на сите републики на поранешна Југославија, во согласност со законодавството на ЕЗ кое препорачува да се избегне двојното државјанство. И претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, имаше одредени забелешки за овој дел од документот. Но, за разлика од Туѓман, Глигоров сметаше дека специјалниот статус за националните или етничките групи нема потреба да се бара за Македонија. (За овој став имаше несогласување помеѓу претседателот Глигоров и тогашниот министер за надворешни работи проф. д-р Денко Малески. Односно, според Малески, специјалниот статус предвиден во планот беше можно решение за големата опасност од мајоризација од страна на доминантната нација, што беше извор на сите тогашни конфликти). [13]

Што се однесува до другите области на соработка, Нацртдоговорот предвидуваше идните независни држави и оние што ќе останат во федерален статус да соработуваат во областа на економијата, која ќе се засновува врз пазарна економија, приватната сопственост и слободното претприемништво и отвореност кон светската трговија, преку воведување царинска унија и заеднички внатрешен пазар. Се предвидуваше и заедничка надворешна трговска политика и усогласена формула за споделување на царинските потврди. Заедничката трговска политика да ја води Совет на министри за економска соработка (министри за економија од секоја република) кои ќе одлучуваат со консензус, и да има ротирачко претседателство на секои 6 месеци. Републиките да соработуваат и во транспортот и инфраструктурата, конкуренцијата и заштитата на животната средина. Монетарната соработка да

[12] Mirjana Cupek Hamill, Konferencija o miru u Jugoslaviji i raspad jugoslavenske federacije, Leykam international, Zagreb, 2008, str., 93

[13] Денко Малески, Бебето од катран – Македонија во меѓународните односи (1991-1993), Култура, Скопје, 2012, стр., 162

обезбеди, како минимум, заеднички платежен систем кој се базира на клиринг-механизмот и резервни фондови.

Нацрт-планот предвидуваше и соработка во областа на надворешната и безбедносната политика, како и правна соработка во областа на меѓународниот криминал, тероризмот и трговијата со дрога. Републиките да воспостават разни институции во горespоменатите области, како министерски совети за економска соработка и за политичка и безбедносна соработка. Со овие совети да претседаваат републиките според систем на ротација и да донесуваат одлуки со консензус. Овие институции да бидат лоцирани во различни републики. Исто така, може да се формира парламентарно тело што ќе расправа за работи кои ќе произлезат од овие аранжмани. Републиките да ги поднесуваат на задолжителна арбитража споровите кои би произлегле од спроведувањето на овие аранжмани.[14]

Во Нацрт-договорот, кој е оценет како инвентивен и важен експеримент во примената на правната методологија за превенција на конфликти, на Југославија не се гледаше како на федерална држава туку во него е понуден начин на кој нејзината поранешна територија може да биде мултидржавно реорганизирана. Спогодбата беше прифатена од претседателите: Туѓман, Кучан, Изетбеговиќ, Глигоров и Булатовиќ (Црна Гора во почетокот го прифати мировниот план, но подоцна се повлече).

Овој Нацрт-план беше отфрлен единствено од страна на Милошевиќ, кој истиот го сметаше за сериозно суспендирање на постојниот уставен поредок и ја укинуваше југословенската држава која постоеше седумдесет години. Исто така, тој сметаше дека таква одлука можат да донесат единствено граѓаните кои ја создале Југославија, и тоа на референдум.

Меѓутоа, мое мислење е дека една од причините за отфрлањето на првиот предлог-план на Карингтон од страна на Милошевиќ е и тогашната состојба во Косово. Имено, Албанците од Косово, на 26 септември, на референдум гласаа за своја независност, а веќе во октомври избраа привремена влада. Ако го прифатеше предлог- планот, на Албанците требаше да им даде исти автономни права какви што самиот Милошевиќ бараше за Србите во Хрватска. Исто така, Милошевиќ најверојатно го отфрли планот

[14] Mirjana Cupek Hamill, Konferencija o miru u Jugoslaviji i raspad jugoslavenske federacije, Leykam international, Zagreb, 2008, str., 95

само заради купување време додека не види во кој правец ќе се движи ситуацијата во БиХ.

Во меѓувреме, Србија и Црна Гора одржаа референдум по прашањето дали Црна Гора треба да остане во Југославија или не, (како што се претпоставуваше, мнозинството граѓани гласаа ЗА), и до Конференцијата односно до лордот Карингтон ги поднесоа следните амандмани:

- Заедничка држава на републиките и на народите кои сакаат да останат во Југославија.
- Републиките кои остануваат во составот на Југославија да го продолжат нејзиниот меѓународен континуитет.[15]

Со ова, Србија се обидуваше да се избори за начелото дека правото на самоопределување, освен републиките, треба да го имаат и народите и дека право на сукцесија имаат оние републики кои се определиле да останат во составот на Југославија. Според некои мислења, таквата нова држава би ги вклучила подрачјата населени со Срби во Хрватска и БиХ (кои на своите одвоени референдуми се изјасниле дека сакаат да останат во Југославија), Србија и Црна Гора и на тој начин би се остварила идејата за Голема Србија. Во согласност со ова размислување, оправдана би била и желбата на Хрватска да ги присоедини деловите од БиХ населени со хрватско население и да ја оствари идејата за Голема Хрватска.

Лордот Карингтон, предложените српско-црногорски амандмани ги сметаше за апсолутно неприфатливи, со оглед на фактот дека во рамките на Конференцијата за Југославија беше утврдено правото на суверени републики, а не правото на суверени народи, што значи дека републичките граници станаа државни и како таква тие се непроменливи. По отфрлањето на српско-црногорските амандмани од страна на лордот Карингтон, ставот на Србија за понудениот Нацрт-план како предлог за решавање на кризата остана непроменет. [16] За да ја присили Србија на кооперативност, Европската заедница реагираше со усвојување на Декларација, со која ѝ се закани на Србија дека доколку не го промени својот резервиран став до наредната пленарна седница, Конференцијата ќе продолжи да работи само со кооперативните републики, со

[15] Radomir Nešković, Nedovršena država – politički sistem Bosne i Hercegovine, Friedrich-Ebert-Stiftung, Sarajevo, 2013, str., 159

[16] *Branko Kostić, 1991*: *Da se ne zaboravi*, Obodsko slovo, Beograd, 1996, str., 49

можност за признавање на оние републики кои тоа го сакаат, додека некооперативните страни можат да очекуваат само рестриктивни мерки.

Меѓутоа, ниту на седмата пленарна седница, одржана на 25 октомври 1991 година, немаше некој посебен напредок во однос на ставот на Србија за понудениот Нацрт-план како предлог за решавање на кризата. И покрај фактот што во рамките на Конференцијата за Југославија беше утврдено правото на суверени републики а не правото на суверени народи, Србија сè уште инсистираше на тоа дека нациите а на териториите имаат право на самоопределување. Имено, според министерот за надворешни работи на Србија, Јовановиќ, федерацијата Југославија, иако значително ослабена сè уште постои и ќе продолжи да постои дури и тогаш кога ќе се согласат само две нации. Сè што оствариле другите, па дури и постојните републички граници е резултат токму на постоењето на Југославија. Србија се залага за Југославија во постојни, а можеби и нови граници, зависно од бројот на нациите кои сакаат да останат во Федерацијата. Најмалку половина од населението не е против постоењето на Југославија и токму поради тоа тој ги повика републиките да се држат до Уставот и до европските документи. [17] За разлика од Србија, другите републики покажаа подготвеност за соработка.

По неуспешната серија преговори, лордот Карингтон изготви нов предлог т.н. „Договор за конвенција“,[18] кој содржеше измени во делот што се однесуваше на човековите права и правата на етничките и националните групи, со нивна заштита со користење на посебни правни лекови за сите оние лица чии права се загрозени и со посебна обврска на републиките да ги штитат и унапредуваат правата на националните и етничките групи на нивните територии. Најмногу измени доживеа делот за специјалниот статус.[19]

Последната верзија на Нацрт-планот од 5 ноември 1991 година, го зеде предвид претходното неисполнето барање на

[17] Денко Малески, Бебето од катран – Македонија во меѓународните односи (1991-1993), Култура, Скопје, 2012, стр., 142

[18] Snežana Trifunovska, Yugoslavia Through Documents: From Its Creation to Its Dissolution, (Peace Conference on Yugoslavia: treaty provisions for the convention The Hague, 1 November 1991, documents., No. 127.,)., Martinus Nijhoff Publishers, The Netherlands., 1994, p., 370-376

[19] Ibid., p., 370-376

Милошевиќ за продолжување на постоењето на Југославија за оние кои тоа го сакаат и го имплементираше во текстот во модифициран облик како „заедничка држава на рамноправни републики за оние републики кои сакаат да останат во неа“.[20] Творците на овие измени како да ги очекуваа сите наредни случувања, односно признавањето на Хрватска и ситуацијата која ќе доведе до создавање автономна српска област на нејзина територија. Дури и одредбите од Нацрт- договорот кои се однесуваа на подрачјата на заедничка соработка претрпеа измени во оваа верзија. Но, наскоро овој дел од Нацрт-договорот престана да биде важен – ниту за потребите за идната работа на Конференцијата, а уште помалку за идното уредување на односите помеѓу суверените држави од причина што Заедницата ја обелодени одлуката за повикување на републиките да аплицираат за признавање.

Последниот текст на Договорот, од 5.11.1991 година, беше понуден на потпишување и беше прифатен и потпишан од претставниците на Македонија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Единствено Србија одби да го потпише договорот. Подоцна, под притисок на јавноста, Црна Гора го повлече потписот од Договорот.

Прифаќањето на планот на Карингтон ќе значеше крај на војната. Но, тој план ќе значеше и крај на двете политички опции од кои не отстапуваше Слободан Милошевиќ: централизирана Југославија или Голема Србија. Затоа војната мораше да продолжи.

Резултатот од овој политички ќорсокак беше крај на идејата дека е можно сеопфатно решение на конференциска маса. Со Мировната Конференција за Југославија, стана јасно дека зад нејзината дипломатија не стои она што стана нужно во југословенскиот случај - закана од употреба на сила.

## Conclusion

The Peace Conference on Yugoslavia for the first time offered models and opportunities to solve the crisis through reciprocal international recognition of the republics, which was supposed to happen

[20] Сашо Георгиевски и Сашо Додевски, Документи за Република Македонија 1990-2005, (Договор за општо решение, Хашка нацрт- конвенција или Карингтонов план, Хаг, 5 ноември 1991., документ бр., 35), Скопје., Правен факултет ”Јустинијан Први”, 2008, стр., 175

within the frames of a general solution based on the following principals: sovereign and independent republics with an international identity for those which seek that; free association of the republics with an international identity as provided in the Agreement; comprehensive arrangements, including human rights protection mechanisms and special status for certain groups and areas, European engagement where appropriate; in the frames of the overall solution, recognition of the republics that seek independence within the existing borders, unless a different agreement is reached.

Given the events' development on the ground, the tendency of the conference at this stage was focused on peaceful dissolution of the republics as the necessary preconditions for preserving the Yugoslav community no longer existed. The sole condition was peaceful disolution of Yugoslavia and creation of five independent states. All of the participants of the Peace Conference on Yugoslavia protested against the proposed agreement and the decision to pardon Serbia for its military's aggression. Nevertheless, the European Community did everything in its power to get Milosevic's signature for the project. In the end, Milosevic ended up refusing that same pro-Serbian project. During this phase, Milosevic still believed that with the help of the Armed Forces ie the YPA (Yugoslav People's Army) he could impose the solution he desired which is why he did not show interest in any other plans and proposals. It can be said that he no longer had any contact with reality. Unfortunately, Milosevic did not realize in time that the cause "all Serbs in one state" is unrealistic and unrealizable, while connecting all Serbs who live in different countries, as well as other people who share the same fate could only be secured through the project for united Europe. With this cause in mind, as with a sharp knife, Milosevic inflicted immense damage on both the Serbians who lived in Serbia and those beyond its borders.

At the Peace Conference on Yugoslavia, it became clear that behind its diplomacy doesn't stand the threat of force which became necessary in the Yugoslav case.

**Литература**

1. Bertrand de Rossanet, War and Peace in the Former Yugoslavia, The Hague, Kluwer Law International, 1997;

2. *Branko Kostić, 1991*: *Da se ne zaboravi*, Obodsko slovo, Beograd,1996;

3. Mirjana Cupek Hamill, Konferencija o miru u Jugoslaviji i raspad jugoslavenske federacije, Leykam international, Zagreb, 2008;

4. Radomir Nešković, Nedovršena država – politički sistem Bosne i Hercegovine, Friedrich-Ebert-Stiftung, Sarajevo, 2013;

5. Snežana Trifunovska, Yugoslavia Through Documents: From Its Creation to Its Dissolution, (Declaration on the Occasion of the Ceremonial Opening of the Conference on Yugoslavia, Peace Palace, The Hague, 7. September 1991; documents., No. 115.,)., Martinus Nijhoff Publishers, The Netherlands., 1994;

6. Snežana Trifunovska, Yugoslavia Through Documents: From Its Creation to Its Dissolution, (Peace Conference on Yugoslavia: Arrangements for General Settlement - the So Called Carrington Draft Convention, the Hague, 18 October 1991, documents., No. 124.,)., Martinus Nijhoff Publishers, The Netherlands., 1994;

7. Денко Малески, Бебето од катран – Македонија во меѓународните односи (1991-1993), Култура, Скопје, 2012;

8. Сашо Георгиевски и Сашо Додевски, Документи за Република Македонија 1990-2005, (Договор за општо решение, Хашка нацрт- конвенција или Карингтонов план, Хаг, 5 ноември 1991., документ бр., 35 ), Скопје., Правен факултет ”Јустинијан Први”, 2008.